РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-4179/2
26-04-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-4179 од 2021 година, против службени лица одговорни за непостапувањето по издадената Годишна наредба за здравствена заштита на животните во 2021 година од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство , **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што оцени дека друг орган е надлежен да постапува, по што предметот се дава на надлежно постапување на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Предметот со број 12-4179 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, ------------- на ден 18.10.2021 година, поднесена е пријава против службени лица вработени во Агенцијата за храна и ветеринарство и оформен е предмет број 12-4179 од 2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека по донесувањето на Годишна наредба за здравствена заштита на животните во 2021 година (Сл. Весник бр. 52/2021) Агенцијата за храна и ветеринарство во соработка со ветеринарните друштва не постапила по однос на истата и не ги спровела предвидените мерки за здравствена заштита на животните од заразни и паразитски болести наведени во наредбата.

Имено, во точка 5 од Годишна наредба за здравствена заштита на животните во 2021 година се опфатени болести кај пчелите односно т.н. американски трулеж на пчелно легло, вароза и ноземоза при што е предвидено дека во периодот од 01 април до 30 април 2021 година треба да се спроведе клинички преглед на пчелните семејства од страна на овластено ветеринарно друштво во присуство на официјален ветеринар. На одгледувачот на пчели, при сузбивањето на болеста американски трулеж на пчелното легло, уредено е

дека треба да му се обезбеди надоместок на штета за директните загуби, согласно член 49 став (3) од Законот за ветеринарно здравство. Во наредбата исто така е уредено и дека трошоците за земање, пакување, испраќање и лабораториското испитување на примероците во целост се на товар на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2021 година.

Меѓутоа, како што е наведено во пријавата, предвидените клинички прегледи до моментот на поднесување на пријавата не биле извршени. Одгледувачите на пчели добиле насоки дека во предвидениот период, а поради временските неприлики за спроведување на посочената наредба, истата ќе биде одложена и ќе се спроведува во периодот кога тоа ќе биде возможно.

Подносителот наведува и дека овластените ветеринарни лекари вршеле ,,фиктивен клинички преглед" за што наплаќале одреден надомест за извршената услуга. Меѓутоа во споменатата наредба е наведено дека трошоците за клинички преглед на пчелните семејства ќе биде во висина утврдена согласно Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните (Сл. Весник бр. 271/2021) и услугата е на товар на одгледувачот на пчеларникот, а согласно која е утврдена висината на надоместоците за спроведување на активности, каде меѓу другите услуги се наведени и услугите за клинички прегледи на пчелни заедници како и надонесток за земање и испраќање на примероци од пчелни семејства сомнителни на болести.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, односно предметот ќе го достави на надлежно постапување на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: м-р. К.З.
Одобрил: С.П.Д., член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**